РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ АЛЕКСАНДАР УРДАРЕВСКИ

за период од 2025 до 2029 година



2025

Преамбула

Основното образование се развива врз низа на начела: право на бесплатно и квалитетно основно образование за секое дете, еднаквост, пристапност и инклузивност, обезбедување на квалитетно образование и меѓународна споредливост на знаењата на учениците, активно учество на учениците во животот на учениците, унапредување на сличностите и прифаќање на различностите, мултикултурализмот, грижата за здравјето на учениците, заштита од дискриминација, афтономност, компетентност и одговорност, изградено партнерство меѓу училиштето, родителите/старателите и единиците на локалната самоуправа.

На сите овие начела ќе се води училиштето преку планираните и реализираните активности од Развојната програма за работа на училиштето кое претставува најзначаен документ за работа на училиштето.

Врз основа на Законот за основно образование член 49 (Сл.весник на Р.С.Македонија бр.161 од 05.08.2019 год.) и Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште изготвен од МОН со Бр.08-3714/3 од 29.5.2024 година се изработи Равојната програма за период 2025/2029 година на ООУ,,Александар Урдаревски,, општина Чучер-Сандево.

Училишниот одбор, Советот на родители, директорот, стручната служба и наставниот кадар ќе ја следат и оценуваат имплементацијата на Развојната програма за период 2025/2029 година на ООУ „Александар Урдаревски“ - општина Чучер-Сандево.

Изработената Развојна програма за период 2025/2029 година на ООУ ,,Александар Урдаревски,, општина Чучер-Сандево, како важен документ директорот ќе ја достави до Наставничкиот совет и Советот на родители за мислење. Наставничкиот совет и Советот на родители го доставуваат мислењето во рок од седум дена од денот на добивање на барањето за мислење, по што документот се усвојува. Развојната програма за работа на основното

училиште ја усвојува Училишниот одбор, на предлог на директорот на училиштето. Усвоената Развојна програма за работа на основното училиште може да се изменува и дополнува во текот на нејзината имплементација.

Развојна програма на училиштето	
Училиште	ООУ ,,Александар Урдаревски''
Адреса	Ул.1 бр.11 с.Сандево, Чучер-Сандево
Телефон, е-пошта	02 2666-098 , aurdraevski10@yahoo.com,
Период на подготовка на Развојната програма на училиштето	Мај –Јуни 2025 година
Број на ученици во училиштето	222
Број на подрачни училишта	нема
Училишен директор	
Име и презиме	м-р Сузе Велковска Радевска
Потпис	
Датум	
Одобрување од УО	
Име и презиме	Марина Пршевска

Потпис	
Датум	

Содржина

Вовед

1. **. Податоци за основното училиште**

1.1 Идентификациски податоци за училиштето

1.2 Историјат на основното училиште

2. **. Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето**

3. **Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (СВОТ –анализа)**

4. **Мисија и визија на основното училиште**

5. **Избрани приоритети и образложение за секој од нив**

6. **Дефинирани стратешки и развојни цели**

7. **Акциски планови за реализација на Развојната програма на училиштето**

8. **Комисија за изработка на Развојната програма на училиштето**

1. Податоци за основното училиште

1.1. Идентификациони податоци за основното училиште

Податоци	
Име на основното училиште	Општинско Основно Училиште „Александар Урдаревски”
Адреса	Ул1 бр.11 с.Сандево
Телефон	02/2666-096 ; 02/2666-098
Место, општина	општина Чучер-Сандево, Скопје
Веб-страница	https://ooualeksandarurdarevski.edu.mk/
Е-маил	aurdarevski10@yahoo.com
Внатрешна површина на училиштето (m2)	2901 m2
Училиштен двор (m2)	22 455 m2
Подрачни училишта во состав на основното училиште, место	Не
Капацитет на училиштето (максимален број на ученици)	500
Број на ученици (моментална состојба)	222

Број на паралелки	15
Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето	Македонски јазик
Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби	Не
Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето	1 смена
Во основното училиште има паралелки од музичко училиште	Не
Во основното училиште има ресурсен центар	Не
Други идентификациски податоци карактеристични за основното училиште	

1.2.Историјат на основното училиште

Основното општинско училиште „Александар Урдаревски“, општина Чучер-Сандево - Скопје, Република Северна Македонија, е основано во 1963 година со верификационен број на актот 10-1622/2 од 19.01.1995 год.

Основното општинско училиште Александар Урдаревски општина Чучер-Сандево -Скопје е сместено во с.Сандево и ги опфаќа учениците со место на живеење од селата Бразда,Глуво,Бањани,Чучер-Сандево,Горњани и Мирковци.Во учебната 2024/2025 год. во училиштето учат вкупно 222 ученици кои се распределени во 15 паралелки а наставата ја реализираат 29 наставници.

Раководен орган на училиштето е директорот Сузе Велковска Радевска која е одговорна за законитоста во работењето и материјално финансиското работење на училиштето.

Александар Урдаревски, познат како *Станко* или *Санде*, (20 јануари 1920 во Чучер, Скопско — 1 февруари 1943 во Липљан, Косово) — македонски партизан, борец за слобода на Македонија, македонски комунист и учесник во НОБ.[1] Прогласен е посмртно за народен херој во 1951 година. Неговото родно село е именувано „Чучер-Сандево“ по него.

Основното општинско училиште Александар Урдаревски општина Чучер-Сандево -Скопје има прекрасен голем двор со зеленилои дрва. Во негова близина има само неколку куќи и детска градинка која е изградена во склоп на училиштето и која работи веќе 2 години.

Училиштето е адаптирано за децата кои имаат физички хендикеп, меѓу кои и деца во инвалидска количка, изградена е пристапна рампа на влезот на училиштето што им овозможува на учениците подобар и полесен пристап до училиштето, на долниот кат има и пристапни тоалети а од Октомври 2022 година отворена е и сензорна соба која е од огромна важност при работа со децата со попреченост во која учениците може да поминуваат одреден период од денот, опремена со посебни реквизити, сензорни и дидактички материјали како и сензорно осветлување а се со крајна цел за рамноправна вклученост на децата со попреченост во редовната настава.

Голем број на ученици од училиштето под менторство на наставниците по македонски, математика, англиски, историја, географија, информатика, хемија, физика, ликовно образование, музичко образование , физичко и здраствено образование и одделенски наставници, учествуваат на бројни општински, регионални, државни, меѓународни натпревари,конкурси и сл. Во училиштето од учебната 2022/2023 година за прв пат е отворен дневен престој за учениците од прво до трето одделение.

2..Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето

(За секоја развојна цел во рамките на стратешката цел се означува степенот на реализација и образложение за реализираноста/нереализираноста на целта – причини и влијание врз чинителит

Стратешка цел 1	Развојни цели	Целосно реализирана	Делумно реализирана	Нереализирана	Образложение
Имплементација на Концепција за воннаставни активности	1.1 Развојна цел 1.Вклучување на учениците во воннаставни активности, без разлика на пол, етничка припадност и социјална состојба, вклучително и децата со ПОП	√			Учениците во нашето училиште не се делат по пол и етничка припадност, како ни според други критериуми. Сите според нивните интереси се вклучени во воннаставни активности кои редовно се реализираат и медиумски се споделуваат со јавноста преку гласилата на училиштето.
	1.2 Поттикнување на сите ученици и ученици со ПОП да се вклучат во воннаставни активности според нивниот интерес, по пол и етничка припадност	√			Учениците со ПОП се вклучуваат во воннаставни активности според нивните интереси, со што се подобрува инклузијата во училиштето.
Стратешка цел 2	Развојни цели	Целосно реализирана	Делумно реализирана	Нереализирана	Образложение
Спроведување и реализира	2.1Училиштето има развиен систем и организира заеднички активности (наставни и	√			Значајни постинувања во делот на меѓуетничка интеграција на учениците.

ње на заеднички активности според програмата за мултиетничка интеграција	воннаставни) со ученици од мешан етнички состав во рамките на училиштето или во партнерство со училиште од друг наставен јазик.				Нашето училиште остварува силна соработка со локалната самоуправа, како и соработка и размена на искуства со други училишта, организации.
	2.2 Поттикнување на сите ученици да се вклучат во активностите поврзани со мултиетничка интеграција	√			Во нашето училиште има ученици од различно етничко потекло и меѓу нив постои високо меѓусебно почитување без разлика на полот на кои му припаѓаат. Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот, ја поддржува инклузивноста и го зајакнува учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот.
Стратешка цел 3					

Зголемување на просторните капацитети – училници во училиштето и училишниот двор	3.1 Доградба / надградба на училници во училиштето – просторија за дневен престој и медијатека	√	√		Училниците се доопремени со нагледни средства кои го подобруваат наставниот процес, како смарт табла, компјутер и проектор, но се уште не е довршена доградбата на просторијата за дневен престој на учениците во училиштето.
	3.2 Изградба на спортско игралиште во училишниот двор	√			Реализиран е проект за изградба на спортско игралиште во училишниот двор √√ од страна на локалната самоуправа и добиени се сите потребни согласности.
	3.3 Доуредување на училишниот двор	√			Училишниот двор во континуитет се уредува со украсни цвеќиња,обнова на тревниците, дрвја,поставување нови клупи, поставување нови канти за отпадоци и на тој начин на учениците и останатите вработени им се обезбедува пријатна средина за учење т.е. работа.

3.Фактори кои влијат на развојот на основното училиште (СВОТ анализа)

Локални фактори кои влијаат на развојот на училиштето

Училиштето се наоѓа во општина Чучер Сандево, во чија близина се наоѓа Дом на култура- ОЈУ „Партизанскиот дом“-Сандево и Јавно комунално претпријатие „Скопска Црна Гора“. Во населеното место се наоѓаат аптека, градинка, спортски игралишта за деца, паркови и излетнички места. ВО блиската околина се наоѓаааат многу културно-историски знаменитости (манастири, цркви, археолошки наоѓалишта, џамии и др.)

Училиштето има добра взаемна соработка со локалната самоуправа и останатите основни училишта од општината.Еден дел од проектите се реализираат и во соработка со голем број на нестопански и невладини организации („Пакомак“, „Нула отпад“ Црвен крст на Чаир , „Пријатели на образованието“, ,,Центарот за толеранција и доживотно учење’’ и др.)

Превентивните активности околу грижата за здравјето на учениците се реализираат со соработка со одделението за детска стоматологија на поликлиниката „Чаир “, како и потребните вакцинации и систематски прегледи на учениците.

Училиштето соработува со локалната заедница и е вклучено во реализирање на активности од локално ниво, во реализирање на заеднички проекти и слично. Соработката со голем број установи позитивно влијае на подобрување на воспитно образовниот процес кај учениците.

Локалната заедница учествува во подобрувањето на условите за работа што би придонеле за повисок квалитет во работењето. Соработката особено е интензивна при прославувањето на бројни празници како што се „ Денот на екологијата“, манифестации на доделување награди на талентирани ученици и првенци на генерации, победници на спортски натпревари и други активности и проекти. Секоја година традиционално се организираат ликовни и литературни конкурси, спортски и други натпревари за училиштата кои припаѓаат на нашата општина со што се зајакнува соработката и се создава позитивен натпреварувачки дух меѓу училиштата во нашата општина.Согласно местоположбата на училиштето во изминатите 2 години бројот на запишани ученици не покажува големи отстапувања.

Училиштето во соработка со основачот, во последните три години значително ги подобри условите и капацитетите за инклузивно образование за децата со попреченост.

Национални фактори кои влијаат на развојот на училиштето

На национално ниво училиштето соработува со: МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ, МТСП, МИО, Државен завод за статистика, Завод за ментално здравје на деца и младинци, ЈУ меѓуопштински центар за социјална работа, МВР, Музејот на холокаустот, Народниот правобранител, МКЦ, телевизиски и издавачки куќи, радио и печатени медиуми. Со новите измени во образовниот систем во Р.С. Македонија изготвен е стратешки документ Сеопфатна стратегија за образованието 2018/2025 со која се посочуваат одреден број на предизвици кои ќе влијаат на функционирањето на училиштето во наведниот период:

- Развивање и воведување на национален стандард за основно образование со јасно определени излезни резултати и со посебно внимание на инклузивноста, мултикултурализмот, почитувањето на разликите (во смисла на родот, етничката припадност, верата, јазикот, социјалниот статус, интелектуалните и физичките способности), правата на децата и демократска култура
- Ревидирање на наставниот план за сите одделенија и наставната програма, во согласност со Националниот стандард и негово постепено воведување
- Зајакнување на статусот и подобрување на содржината на изборните предмети и воннаставните активности според слободниот избор на учениците.
- Ревидирање на учебниците така што ќе одразуваат родова еднаквост, мултикултурализам, почитувањето на разликите и демократските вредности
- Воспоставување систем за наменско искористување на средствата од блок дотациите од страна на општините и училиштето за цели на инклузија.
- Воведување механизам за финансиска поддршка на училиштето со цел спроведување на активности за меѓуетничка интеграција.
- Изготвување на неопходни дидактички ресурси и нивно распределување на наставниот кадар во нашето училиште.
- Воспоставување систем за професионална ориентација преку стручните служби
- Примена на системот за напредување во кариерата во занимањето (наставник/стручен соработник - ментор, наставник/стручен соработник - советник)
- Зајакнување на стручните служби во училиштето со сите неопходни профили.

Меѓународни фактори кои влијаат на развојот на училиштето

Училиштето соработува со меѓународни институции во реализација на заеднички проекти и активности кои позитивно влијаат на подобрување на воспитно-образовниот процес преку Еразмус + проектите со учество на наставници невладини организации од областа на образованието

SWOT- анализа

Предности (силни страни) на основното училиште	**Слабости (слаби страни) на основното училиште**
● Училиштето има обезбедено современи нагледни средства за реализирање на настава по сите предмети ● Квалитет при реализација на воннаставни активности ● Позитивна средина и атмосфера за учење ● Почитување на ставовите на учениците при избор на слободен изборен предмет ● Родовата и етичката перспектива на образованието во училиштето е застапена во доволна мера и на тој начин се обезбедува рамноправно образование ● Континуирано следење на постигнување и редовноста на учениците по сите предмети ● Опфатеност на учениците со воннаставни активности и организирани во секции и групи ● Продуктивната работа се манифестира преку ученичките натпревари на општинско, регионално и државно ниво ● Значајни постигнувања во делот на екологијата и меѓуетничката интеграција на учениците	● Поголема вклученост на родителите при планирање на годишната програма на училиштето ● Воведување на механизам за следење и решавање на случаи на врсничко насилство и сајбер-насилство ● Немање доволно простор за складирање на ученички изработки ● Обезбедување на изложбен дел со изработки за секој наставен предмет ● Вклучување на ученици кои наставата ја следат според ИОП во воннаставни активности ● Недоволна стручност кај наставниците за справување со различните видови попреченост кај учениците ● Потреба од подобрување на медиумската писменост кај учениците

● Нашето училиште остварува силна соработка со локалната самоуправа, како и соработка и размена на искуства со други училишта, организации, со Заводот за ментално здравје на деца и младинци и др. ● Континуирано подобрување на условите во училиштето за реализација на наставните и воннаставните активности ● Училиштето ги негува родовата сензитивност и мултикултуризмот ● Училиштето ја подржува инклузивноста ● Училиштето се грижи за здравјето на учениците, има план за следење на систематските и стоматолошките преглед и редовното вакцинирање на учениците. ● Училиштето се грижи за безбедноста на учениците и води политика на заемно почитување, еднаквост, хуманост и толеранција ● Подеднаков однос на наставниците кон сите ученици без разлика на половата и етничката припадност ● Директорот има јасна визија за развојот и напредокот на училиштето ● Во училиштето има наставник-ментор кој им ја пружа неопходната подршка на наставниците за имплементација на иновативни приоди во наставата и следење на промените во воспитно-образовниот систем ● Отвореност на училиштето за соработка со родителите. ● Редовна и континуирана соработка со окружувањето на училиштето и локалната заедница. ● Наставниците разменуваат искуства и идеи на ниво на	● Поголемо учество на ученичкиот парламент во училишните активности ● Недоволна вклученост на родителите во воспитно-образовниот процес и воннаставните активности ● Училиштето има потреба од дополнување со стручни соработници-педагог и психолог ● Следење постигањата на учениците при премин од еден во друг образовен циклус, од основно во средно образование

стручен / стручни активи. ● Стручната служба спроведува работилници со учениците и секогаш е отворена за соработка	
Можности (прилики) што произлегуваат од училиштето и опкружувањето	**Закани, пречки (опасности) што произлегуваат од училиштето и неговото опкружување**
● Соработка со основни училишта надвор од нашата држава преку Еразмус+ проекти и други образовни институции во земјата; ● Поседување на добри интерперсонални вештини кај поголемиот број наставници; ● Зајакнување и помош од страна на локалната заедница и бизнис секторот при реализирање на некои воннаставни активности; ● Потреба од обуки за натсавниците за работа со таленитрани и надарени ученици;организирани од МОН, БРО , овозможени и подржани од локалната самоуправа ● Едукација на родителите за важноста на нивното присуство и вклученост во активностите на училиштето; ● Постојана спремност и подготвеност и заложби на училиштето за подобрување на соработката со родителите и локалната средина.	● Влошување на финансиската состојба во државата; ● Постојаната ангажираност на родителите со работни и секојдневни обврски оневозможува нивно поголемо вклучување во училишните активности.

4.Мисија и визија на основното училиште

М И С И Ј А

Нашата мисија е да обезбедиме квалитетно, современо и инклузивно образование за секое дете во нашата заедница. Негуваме љубопитност, почит и солидарност во безбедна и поддржувачка средина, градејќи ученици подготвени за живот со знаење и вредности применливи во современото општество.

В И З И Ј А

Да бидеме современо рурално училиште кое ги инспирира учениците да станат самоуверени, одговорни и активни граѓани. Стремиме кон образовна средина што преку иновации, соработка со заедницата и грижа за природата и културната средина, ќе создаде генерации ученици подготвени за живот.
Нашата визија е училиштето да биде гордост на заедницата – пример за одржлив развој и квалитетно, инклузивно образование за сите.

5. Избрани приоритети и образложение за секој од нив

(Се наведуваат селектираните приоритети и образложение за важноста на тој приоритет)

Приоритет	Образложение
1. **Воведување на механизам за следење и решавање на случаи на непочитување на училишниот кодекс, врсничко насилство и сајбер насилство**.	Училишната самоевалуација покажа дека иако наставата се реализира успешно, сепак забележано е на непочитување на училишниот кодекс на однесување од страна на поедини учениците, што резултира со нарушување на квалитетот при реализација на наставата. Во училиштето постои Правилник за пофалби, награди и педагошки мерки за учениците, но истиот треба да се обнови со вклучување на дополнителни точки кои ќе даваат насока за превземање мерки во случај на нарушување на правилата од училишниот кодекс на однесување. Исто така детектирани се изолирани случаи на врсничко насилство кај помалите ученици и мали зачетоци на нарушување на сајбер безбедноста кај учениците од погорните одделенија. За да не дојде до ескалација на овие проблеми, училиштето треба да обезбеди поголема вклученост на сите субјекти во воспитно образовниот процес, бидејќи насилството лице в лице и онлајн-насилството често се случуваат паралелно, и истото скоро никогаш не завршува само во училиштето, туку продолжува и надвор од него. Во насока на превентивно решавање на проблемите со нарушена сајбер безбедност, училиштето организира активности со вклучување на наставници, ученици и родители за едукација и препознавање на сајбер-насилството со потенцирање дека истиот остава дигитален отпечаток – запис кој може да биде од корист и да послужи како доказ кој ќе помогне да се запре малтретирањето. Иако голем дел од учениците се вклучени во активности за донесување одлуки, меѓу кои и креирање на политика за ненасилно решавање на проблемите, сметаме дека со вклучување на поголем број на ученици во овие активности, посебно на ученици кај кои е евидентирано нарушување во однесувањето, ќе се подобри квалитетот на реализација на наставата и ќе ја зголеми мотивираноста на учениците.

● 2.**Поголема професионална соработка помеѓу наставниците, стручната служба,** вклучување на ученици кои наставата ја следат според ИОП во вонннаставни активности ● **и поголемо вклучување на родителите во најразлични активности и реализирање на воспитно образовниот процес**	За унапредување на образовниот процес и благосостојбата на учениците, неопходна е поинтензивна и структуирана соработка помеѓу наставниот кадар и стручната служба .Оваа соработка треба да се базира на: • Редовни состаноци за размена на информации, идеи и искуства; • Заедничко планирање и имплементација на индивидуални образовни планови; • Тимска работа при решавање на проблеми во однесувањето или учењето кај учениците; • Поддршка на наставниците преку советување и стручна едукација. • Поддршка наставниците преку обуки, работилници за справување со различните видови попреченост кај учениците Поголемо вклучување на родителите во најразлични активности со цел активно учество во воспитно-образовниот процес, зајакнување на соработката помеѓу училиштето/градинката и семејството и создавање на поттикнувачка средина за развој на децата.
3.Поголемо вклучување на училишниот парламент во училишните активности	Зајакнувањето на улогата на училишниот парламент е клучно за развојот на демократска култура, одговорност и активно учество на учениците во училиштето. Со поголемо вклучување на парламентот, учениците ќе добијат можност да придонесат во донесување одлуки, организирање на настани и подобрување на училиштниот живот. Предлози за активности: Вклучување на парламентот во планирање и организирање на културни, спортски и хуманитарни настани.,учество во креирање на училишни правила, кодекси на однесување и проекти,редовни средби со директорот и наставничкиот совет за пренесување на идеи и предлози од учениците,организирање

	анкети меѓу учениците за подобрување на наставата и училишната клима,формирање ученички работни групи во рамките на парламентот (на пр. за екологија, култура, спорт, медиуми и сл.).

6. Дефинирани стратешки и развојни цели

Приоритет/и	**Стратешка цел**
1.Воведување на механизам за следење и решавање на случаи на непочитување на училишниот кодекс, врсничко насилство и сајбер насилство.	Обезбедување на сигурна и безбедна средина за учење елиминирајќи (намалувајќи) ги различните можности за непочитување на училишниот кодекс, врсничко насилство и сајбер насилство.
2.Поголема професионална соработка помеѓу наставниците, стручната служба и поголемо вклучување на родителите во најразлични активности и реализирање на воспитно образовниот процес	Јакнење на професионалната соработка помеѓу наставниците, стручната служба и родителите за поддршка на сеопфатен развој на учениците.
3. Поголемо вклучување на ученичкиот парламент во училишните активности	Зајакнување на демократската култура во училиштето преку активно и континуирано вклучување на ученичкиот парламент во планирањето, одлучувањето и реализирањето на училишните активности.

Од стратешки цели кон развојни цели (за секоја стратешка цел се дефинираат 2-3 развојни цели)

Стратешка цел 1	Развојни цели

Обезбедување на сигурна и безбедна средина за учење елеминирајќи (намалувајќи) ги различните можности за непочитување на училишниот кодекс, врсничко насилство и сајбер насилство.	1.1 Формирање на училишен тим за заштита од насилство и планирање на стратегии за соработка со локалната заедница и надлежните институции.
	1.2 Воспоставување на доверлив систем за пријавување насилство
	1.3 Превенција и интервенција преку едукација, соработка и канализирање на проблематичните ученици во спортски активности
Стратешка цел 2	Развојни цели
Јакнење на професионалната соработка помеѓу наставниците, стручната служба и родителите за поддршка на сеопфатен развој на учениците.	2.1 Подобрување на интерната професионална комуникација и соработка меѓу наставниците и стручната служба
	2.2 Зголемување на активното учество на родителите во воспитно-образовниот процес
	2.3 Заедничко дејствување во поддршката на учениците со образовни и социјални предизвици
Стратешка цел 3	Развојни цели
Поголемо вклучување на ученичниот парламент во училишните активности	3.1 Подобрување на информираноста на учениците за улогата и значењето на ученичкиот парламент
	3.2 Зголемување на бројот на активности иницирани и спроведени од страна на парламентот
	3.3 Воспоставување редовна и ефективна комуникација помеѓу ученичкиот парламент и наставничкиот кадар

7.Акциски планови за реализација на развојната програма на училиштето

Стратешка цел 1. Обезбедување на сигурна и безбедна средина за учење елеминирајќи (намалувајќи) ги различните можности за непочитување на училишниот кодекс, врсничко насилство и сајбер насилство.						
Развојна цел 1.1. Формирање на училишен тим за заштита од насилство и планирање на стратегии за соработка со локалната заедница и надлежните институции.						
Активности	**Индикатори за успех**	**Реализатори**	**Временска рамка за имплементација**	**Потребни ресурси**	**Тим за следење на реализацијата на активностите**	**Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите**
Формирање тимови за за следење и решавање на случаи на непочитување на училишниот кодекс и	Формирани тимови за за следење и решавање на случаи на непочитување на училишни	Тим Игор, Даниела, Александар, Павлинка, Ана Родител – доброволев	Септември (Од 2025 до 2029 година)	Хартија Компјутер Фотокопир	Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште.	Записници и решенија од формирани тимови

тим за превентивно решавање на проблеми поврзани со насилство	от кодекс и тим за превентивно решавање на проблеми поврзани со насилство	од Советот на родители Претставник од училишен парламент-ќе се избере на првиот состанок Директор Стручна служба				
Изработка на план за идни активности за соработка со субјекти од локалната заедница и надлежни институции	Изработен план на идни активности	директор, социолог	Септември (Од 2025 до 2029 година)	комјутерска опрема, интернет	Директор	План на идни активности
Изготвување на барања за соработка	Остварена соработка со локална	директор, општина Чучер-Сандево,				

со надворешни стручни лица и институции од локалната заедница и надлежни институции (општина Чучер-Сандево, СВР – Скопје, Центар за социјални работи, Невладини институции и сл).	заедница (стручни лица и институции)	СВР-Скопје, Центар за социјални работи, Стручни родители, Невладини институции	Од 2025 до 2029 година	комјутерска опрема, интернет	директор, социолог	Барања за соработка
Спроведување на две работилници со триесетина учесници (родители и деца) и две предавања во текот на	Поголема информираност на сите субјекти за заштита од насилство и можните последеци	Социолог, стручни лица и едукатори СВР-Скопје, Центар за	Од 2025 до 2029 година	комјутерска опрема, интернет, хартија	директор, социолог	Извештај од реализирани фокус групи со родители и ученици Фотографии, видеа

годината со можност за соработка со родители стручни од областа.	од ненаврем ено интервени рање	социјални работи, Стручни родители				
Разгледува ње на постоечкиот Правилник за пофалби, награди и педагошки мерки И проширува ње на истиот со точки за непочитува ње на училишниот кодекс, врсничко насилство и сајбер насилство	Проширен правилник за пофалби, награди и педагошки мерки	Социолог, Игор, Даниела, Валентина, Наташа, Стефан, Николина	Септември (2025 год)	компјутерска опрема, интернет, хартија	директор, социолог	Проширен правилник за пофалби
Изготвување листи за следење,	Изготвени листи за следење,	Социолог, Маја, Весна, Гордана,	Септември	компјутерска опрема,		листи за следење, пријавување,

пријавување, интервјуирање, предлагање мерки и активности за заштита од насилство	пријавување, интервјуирање, предлагање мерки и активности за заштита од насилство	Валентина, Ирена, Јуле	(Од 2025 до 2029 година)	интернет, хартија	директор, социолог	интервјуирање, предлагање мерки и активности за заштита од насилство
Следење, пријавување, интервјуирање, и пополнување на листи и за пријавување на проблеми	Пополнети листи за пријавување на проблеми и над 90% од нив успешно решени проблеми	Дежурни наставници, Класни и одделенски раководители, претседатели на одделението	(Од 2025 до 2029 година)	комјутерска опрема, интернет, хартија	социолог	Пополнети листи за пријавување на проблеми, Интервју, Извештај од спроведената постапка при решавање на проблемот
Анализа на пријавените проблени и изведување на заклучок од истите.	Заклучок од спроведената анализа	Училишен тим	(Од 2025 до 2029 година)	комјутерска опрема, интернет, хартија	социолог	Записник од состанокот
Развојна цел 1.2. Воспоставување на доверлив систем за пријавување насилство						

Активности	**Индикатори за успех**	**Носители на активностите**	**Временска рамка за имплементација**	**Потребни ресурси**	**Тим за следење на реализацијата на активностите**	**Инструменти/ извори на информации за следење на индикаторите**
Воведување на нови форми за пријавување насилство и запознавање на учениците со користење на истите	Воведени нови форми за пријавување насилство (анонимна кутија за пријави и онлајн форма за пријавување насилство)	Социолог, Николина, Класните и одделенските раководители	Септември (Од 2025 до 2029 година)	Пластични кутии за закачување на ѕид во форма на поштенско сандаче, компјутерска опрема, интернет, хартија	Социолог, Николина,	Записници од родителски средби и информирање на родителите нови форми за пријавување насилство
Монтирање по една анонимна кутија на секој кат	Монтира анонимна кутија на секој кат	Технички персонал	Септември 2025 год	Пластични кутии за закачување на ѕид во форма на поштенско сандаче,	Директор	Фотографија
Креирање на онлајн форма за пријавување	Креирана на онлајн форма за	Николина	Септември		Директор	

е насилство (преку училишната веб-страница или Google Forms).	пријавува ње насилство		(Од 2025 до 2029 година)	комјутерска опрема, интернет,		Онлајн форма за анонимни пријави
Едукација на учениците како и каде да пријават насилство (преку работилници, постери и презентации)	Едноставен пристап за пријавување насилство Зголемен број на ученици кои се охрабрени да пријават насилство	Социолог, Николина, Одделенски и класни раководители	Од 2025 до 2029 година	комјутерска опрема, интернет, хартија	Директор	Презентации, работилници, постери Фокус групи со ученици
Следење на анонимните пријави за насилство и постапување по истите	-зголемен број на средби со родители и ученици - зголемен број на анонимни пријави на насилство и над 90%	Социолог, Николина,	Од 2025 до 2029 година	комјутерска опрема, интернет, хартија	Директор	Онлајн листи со анонимни пријави, Записник од состанок

	од нив успешно решени проблеми					
Развојна цел 1.3. Превенција и интервенција преку едукација, соработка и канализирање на проблематичните ученици во спортски активности						
Активности	**Индикатори за успех**	**Носители на активностите**	**Временска рамка за имплементација**	**Потребни ресурси**	**Тим за следење на реализацијата на активностите**	**Инструменти/ извори на информации за следење на индикаторите**
Изработка на проектна рамка за училишен проект **„Играј паметно-контролирај ја силата“**	Изработен план за училишен проект	Социолог, Наставници по физичко образование, Одделенски раководители	Септември 2025 година	Хартија, компјутер	Директор, Тим за превентивно решавање на проблеми поврзани со насилство	Записници од состаноци,
Идентификација на ученици со ризично/насилно однесување	Список на ученици со ризични однесувања	Социолог, Класните и одделенските раководители	Септември (Од 2025 до 2029 година)	Хартија, компјутер	Директор, Тим за превентивно решавање на проблеми поврзани со насилство	Записници од состаноци, извештаи за однесување, Интервјуа, евиденција за инциденти

Психолошка проценка на идентификуваните ученици	изработен психолошки профил	Социолог	1-2 седмици од пријавување на инцидентот	Стандарди за проценка, тестови	Директор, Тим за превентивно решавање на проблеми поврзани со насилство	Индивидуални проценки, разговори со родители
Изработка на индивидуални планови за учениците	Изработен индивидуален план	Социолог, Наставници по физичко	2 седмици од пријавување на инциденто	Хартија, компјутер	Директор, Тим за превентивно решавање на проблеми поврзани со насилство	Документиран и планови
Вклучување на учениците во спортски секции (екипни и индивидуални)	Вклучените ученици во спортски секции покажуваат интерес за себепромоција преку спортот и над 60% од нив имаат намалено	Наставници по физичко	Од 2025 до 2029 година	Маси за пинк-понк, велосипеди, топки, фискултурна сала, вело-стази	Директор, Тим за превентивно решавање на проблеми поврзани со насилство	Извештаи за следење на напредокот на ученикот

	насилно однесување					
Организирање на натпревари и спортски денови и доделување награди и дипломи	Одредени датуми и учесници во спортски денови	Социолог, Наставници по физичко	Континуирано секоја година (Од 2025 до 2029 година)	Маси за пинк-понк, велосипеди, топки, вело-стази фискултурна сала, компјутер, хартија, образец за дипломи	Директор, Тим за превентивно решавање на проблеми поврзани со насилство	Извештаи за натпревари и спортски денови
Финална евалуација и прилагодување на програмата	Извештај за ефектикај секој ученик; препораки	Социолог, Наставници по физичко	Јуни (Континуирано секоја година од 2025 до 2029 година)	Хартија, компјутер	Директор, Тим за превентивно решавање на проблеми поврзани со насилство	Извештај за проектот **„Играј паметно-контролирај ја силата“**
Изработка на проектна рамка за училишен проект **„Сајбер безбедност**	Изработен план за училишен проект	Социолог, Наставници по информатика	Септември 2025 година	Хартија, компјутер	Директор, Тим за превентивно решавање на проблеми поврзани со насилство	Записници од состаноци,

преку игра и AI“						
Идентификација на ученици кои ќе се вклучат во проектот	Список на ученици со и нивни афинитети	Наставници по информатика, Класните раководители	Септември (континуирано од 2025 до 2029 година)	Хартија, компјутер	Директор, Тим за превентивно решавање на проблеми поврзани со насилство	Записник од состанок, Интервјуа,
Тестирање и евалуација на игрите	Список со игровни активности, Собрани минимум 5 повратни мислења по игра	Наставници по информатика,	Од 2025 до 2029 година	Компјутер, хартија, Формулари (Google Forms), принтани игри	Директор	Записници од состаноци, Анкети, видео/фото евиденција, табела за оценување
Обележување на „Денот на безбеден интернет“ со **п**резентација на игрите пред публика	Јавно претставување на игрите , Вклученост на што поголем број ученици, односно над 80% од учениците	Наставници по информатика, ученици вклучени во проектот	Февруари (континуирано од 2025 до 2029 година)	Проектор, плакати, игри	Директор	Извештај, Анкети, Фото/видео материјали, евалуациски лист за публиката

	на возраст од 4 до 9 одделение					
Презентација и споделување на игрите и соработка со локалната заедница	Јавно претставување на игрите пред ученици од други основни училишта од општината	Наставници по информатика, ученици вклучени во проектот	Март, Април, Мај (континуирано од 2025 до 2029 година)	Проектор, плакати, игри	Директор	Извештај, Анкети, Фото/видео материјали, евалуациски лист за публиката
Рефлексија и извештај	Извештај за ефекти учениците Споделени препораки за следна имплементација	Социолог, Наставници по информатика	Јуни (Континуирано секоја година од 2025 до 2029 година)	Хартија, компјутер	Директор, Тим за превентивно решавање на проблеми поврзани со насилство	Финален извештај за проектот „Сајбер безбедност преку игра и AI“

Стратешка цел 2 Јакнење на професионалната соработка помеѓу наставниците, стручната служба и родителите за поддршка на сеопфатен развој на учениците.

Развојна цел 2.1. Подобрување на интерната професионална комуникација и соработка меѓу наставниците и стручната служба						
Активности	**Индикатори за успех**	**Носители на активностите**	**Временска рамка за имплементација**	**Потребни ресурси**	**Тим за следење на реализацијата на активностите**	**Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите**
1.Редовни месечни состаноци помеѓу наставниците и стручната служба за тековни прашања	Број на одржани состаноци и записници; присуство на наставници	Стручна служба Одделенски наставници Предметни наставници	Од 2025 до 2029 година	Распоред, простор, записници	Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште.	Записници од состаноци
2.Размена на искуства преку интерни професионални презентации/обуки	Број на реализирани презентации	Наставници, стручна служба	По потреба неколку пати во годината	Училница ,проектор	Директор	Записници од реализирани презентации

3.Анонимна анкета за перцепција на професионалната комуникација и предлози за унапредување	Проценка на подобрување според анкета	Стручна служба	Декември 2025	Хартија за Анкета (хартиена /електронска)	Стручна служба	Анализа на анкета
Развојна цел 2.2. Зголемување на активното учество на родителите во воспитно-образовниот процес						
Активности	**Индикатори за успех**	**Носители на активностите**	**Временска рамка за имплементација**	**Потребни ресурси**	**Тим за следење на реализацијата на активностите**	**Инструменти/ извори на информации за следење на индикаторите**

1.Вклучување на родители во училишни настани (приредби, спортски ден, училишен ден, хуманитарни акции)	Зајакната соработка и доверба Активно учество на најмалку 30% од родителите	Наставници Стручна служба	Цела учебна година	План за активности	Директор	Извештаи од реализирани активности
2.Спроведување анкета за интересите и потребите на родителите	Резултати од анкета и имплементација	Стручна служба	Октомври/ Ноември 2025	Хартиени/дигитални анкети	Комисија за Развојна програма за работа на основното	Анализа на анкета

3.Денови на отворена настава – родители како гости во училниците (читање приказни, споделување професии, сл.)	Учествуваале родители во најмалку 50% од одделенијата	Наставници Стручна служба	Еднаш до два пати во полугодие	Училница,проектор	Директор Комисија за Развојна програма за работа на основното	Извештаи од реализирани часови со родители
4.Организирање на „Отворен ден со родители“	Реализирани средби на барем 30% од родителите со предметни наставници	Стручна служба Наставници	Еднаш во полугодие од 2025 до 2029 година	Училници	Директор	Записници од реализирана отворена родителска

Развојна цел 2.3. Заедничко дејствување во поддршката на учениците со посебни образовни потреби и социјални предизвици						
Активности	**Индикатори за успех**	**Носители на активностите**	**Временска рамка за имплементација**	**Потребни ресурси**	**Тим за следење на реализацијата на активностите**	**Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите**
1.Идентификација на ученици со образовни и/или социјални предизвици преку соработка наставник – стручна служба	Изработена листа на ученици и нивни потреби	Наставници Стручна служба	Септември секоја година и тековно	Формулари	Директор	Формулари Листи
2.Изработка и примена на индивидуални образовни планови (ИОП) за учениците со потешкотии во учењето и состаноци со родителите за	Изработени и применети ИОП за сите идентифи	Наставници, дефектолог	Септември и по потреба	Наставни планови и програми	Директор УИТ	ИОП-и и модифицирани програми за учениците со ПОП

следење на реализациијата на истите	кувани ученици					
3. Организирање на индивидуални и групни средби со родители на ученици од социјален ризик, со цел заедничко планирање на поддршката (образовна, психо-социјална, материјална)	Реализирани најмалку 2 индивидуални средби по ученик годишно	Наставници, стручна служба	Тековно	Простории	Стручна служба Директор	Записници од реализирани средби со родителите

4. Воспоставување на мрежа за соработка со локални институции (ЦСР, НВО, општина) за поддршка на ученици и семејства во социјален ризик	Воспоставени партнерства и конкретни интервенции (на пр. оброци, облека, стипендии)	Наставници, стручна служба	Тековно	Контакти	Директор	Писма за соработка, извештаи
Стратешка цел 3. **Поголемо вклучување на ученичкиот парламент во училишните активности**						
Развојна цел 3.1. Да се подобри информираноста на учениците за улогата и значењето на ученичкиот парламент						
Активности	**Индикатори за успех**	**Носители на активностите**	**Временска рамка за имплементација**	**Потребни ресурси**	**Тим за следење на реализацијата на активностите**	**Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите**
Информативна кампања	Изработени информативни материјали	Стручна служба Ученички парламент	Секоја учебна година (од 2025-2029)	Распоред, простор, материјали за печатење	Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште.	Примери од материјали

Презентација по паралелки за улогата на парламентот	Презентации презентирани во сите паралелки	Наставници, ученици - членови на парламентот	Секоја учебна година (од 2025-2029)	Лаптоп, проектор	Стручна служба	Извештаи од реализирани презентации
Анкета за запознаеност со ученичкиот парламент	Поголем дел од учениците го разбираат значењето и функцијата на ученичкиот парламент	Ученички парламент, стручна служба	Секоја учебна година (од 2025-2029)	Анкети	Стручна служба	Анализа на анкета и извештај со резултати
Развојна цел 3.2. Да се зголеми бројот на активности иницирани и спроведени од страна на ученичкиот парламент						
Активности	**Индикатори за успех**	**Носители на активностите**	**Временска рамка за имплементација**	**Потребни ресурси**	**Тим за следење на реализацијата на активностите**	**Инструменти/ извори на информации за следење на индикаторите**

Спроведување на најмалку 3 ученички иницијативи годишно	Реализирани активности (хуманитарни, културни, еко акции...)	Ученички парламент	Секоја учебна година (од 2025-2029)	Материјали според видот на активноста	Стручна служба	Број на реализирани активности; Извештаи; Фотографии од активностите, Објави на училишната веб страна
Одбележување на важни датуми во текот на учебната година	Учениците иницираат активности поврзани со одреден датум	Ученички парламент	Секоја учебна година (од 2025-2029)	Календар на важни датуми; Материјали за изработка; Лаптоп; Принтер; Проектор	Стручна служба	Фотографии од активностите; Извештаи; Објави на училишната веб страна
Форум-дискусија со ученици и наставници на одредена тема (ученичко учество, насилство..)	Одржана форум дискусија со учество на наставници и ученици	Ученички парламент	Секоја учебна година (од 2025-2029)	Проектор; Лаптоп	Стручна служба	Листа на присутни; фотографии

Развојна цел 3.3. Да се воспостави редовна и ефективна комуникација помеѓу ученичкиот парламент и наставничкиот кадар						
Активности	**Индикатори за успех**	**Носители на активностите**	**Временска рамка за имплементација**	**Потребни ресурси**	**Тим за следење на реализацијата на активностите**	**Инструменти/ извори на информации за следење на индикаторите**
Редовни средби помеѓу претставници од ученичкиот парламент и наставничкиот кадар	Реализирани средби еднаш во тримесечие или повеќе по потреба	Ученички парламент	Секоја учебна година (од 2025-2029)	Простор за состаноци; Записници; Агенда	Стручна служба	Записници од средби; Листа на присутни; Одлуки/мерки врз основа на дискусиите
Присуство на членови од ученичкиот парламент на	Учество на Наставнички совет најмалку 2 пати годишно, дискутирани ученички	Ученички парламент	Секоја учебна година (од 2025-2029)	Покани; Дневен ред; Простор за состанок	Стручна служба	Записници од состаноци; Листа на присутни; Евидентирани ученички предлози/забелешки

Наставничк и совет	предлози или теми					

Комисија за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште

Сузе Велковска Радевска – Директор

Ана Радосављевиќ- специјален едукатор и рехабилитатор

Гордана Чанговска - Социолог

Николина Ѓорчевска- Предметен наставник

Ирена Јошевска – Предметен наставник

Даниела Периќ – Предметен наставник

Наташа Кипријановиќ- одделенски наставник

Родител- Даниела Џепиќ

-Ученички парламент

Локална самоуправа

Датум

_____

Скопје

Директор

Сузе Велковска Радевска

_____

Претседател на Училишен одбор

Марина Пршевска

_____